Кирче Трајанов

# ДИЈАЛОШКИОТ КАРАКТЕР НА ЦРКОВНАТА ПРОПОВЕД

1. Светата литургија, според својата структура, има дијалошки карактер. Таа е дијалог меѓу црковниот пастир, првенствено епископот, како претстојател на литургискиот собор и духовното паство, односно лаиците.[1] Основата на дијалогот е заедничарењето во Светиот Дух на членовите на едното тело Христово. Затоа карактерот на литургискиот дијалог е благодатен. Тој се остварува во единство помеѓу општата харизма на царското свештенство, и од неа неразделните посебни дарови (харизми) на посебното (олтарно) свештенство. Светиот Дух, разделувајќи ги даровите, го соединува и изградува телото Христово – Црквата. Образот за Црквата, како тело Христово и Богочовечки организам, го претпоставува дијалошкиот и синергиски карактер на црковните служби. Тој образ е исклучително важен, бидејќи истовремено ги подразбира и единството на организмот и различните функции на неговите органи. Соборното и личносно учеството во службата на Христа, која е истовремено и служба на Црквата, произлегуваат од неиспитливата тајна на единството на благодатта и нејзиното „неразделно делење“. Свети Василиј Велики во своето дело „За Светиот Дух“ пишува: „Како што целината се содржи во одделните делови, така и Светиот Дух се разбира во врска со распределувањето на даровите.

[1] „При самото извршување на страшните тајни, свештеникот се моли за народот, а и народот се моли за свештеникот, зашто зборовите „и со духот твој“ не значат нешто друго, туку токму тоа. И молитвите на благодарењето (евхаристискиот канон, б.м.) се заеднички, затоа што не ги принесува само свештеникот, туку и сиот народ. Откако прво, добил од народот одговор, и потоа и согласност, дека е достојно и праведно она што се извршува, свештеникот започнува со благодарењето“. Свети Јован Златоуст, *Беседа XVIII,* на *II Послание до Коринтјаните*, (PG 61, 527 B).

Затоа што, еден спрема друг сме членови, но во зависност од дадената Божја благодат имаме различни дарови“[2]. Неделивото единство на благодатта не се нарушува преку разделувањето на даровите, затоа што тие се единосуштни и меѓусебно се проникнуваат.[3] „Различни се даровите, но Духот е ист“ (1 Кор. 12, 4). Благодатната стварност на Црквата е динамична. Таа се остварува преку истовременоста на личниот и соборен подвиг (движење) во Светиот Дух. Во тој благодатен подвиг се случува проникнување на даровите, кои се соединуваат во најголемиот општ дар на љубовта. Затоа, во Црквата сѐ е личносно и соборно.

2. Овие еклисиолошки претпоставки се исклучително важни за разбирањето на пастирско-проповедничката служба во Црквата. Затоа што, занемарувањето на еклисиолошката харизматологија, при разгледувањето на проповедничката, и воопшто, на пастирската служба, води кон утврдување на погрешната позиција на индивидуализмот.[4] Според схоластичката литургика, верникот е „пасивен примател“ на одредени благодатни дарови во светите тајни и молитвословија, чиј единствен вршител е клирикот. Ова во омилитички контекст подразбира дека пастирот-проповедник поучува, а верникот е своевиден „пасивен реципиент“ на проповедничкото слово. Се заборава дека во лицето на литургискиот претстојател свештенодејствува целата Црква. Свесно или несвесно, се занемарува соборниот и кинониски карактер на службите и свештонодејствијата на Црквата. Проповедањето се

---

[2] Ἤδη δὲ καὶ ὡς ὅλον ἐν μέρεσι νοεῖται τὸ Πνεῦμα κατὰ τὴν τῶν χαρισμάτων διανομήν. Πάντες γὰρ ἀλλήλων ἐσμὲν μέλη, «ἔχοντες δὲ χαρίσματα κατὰ τὴν χάριν τοῦ Θεοῦ τὴν δοθεῖσαν ἡμῖν διάφορα». Свети Василиј Велики, *За Светиот Дух*, 26, 61 (PG 32, 181 AB).

[3] Никола Лудовикос, „Икона и подражавање: Евхаристиска еклисиологија и црквена онтологија дијалошке узајамности“, *Подвиг заедништва*, Цетиње 2011, 117. „Светиот Дух, останувајќи еден и неразделен, секому му ја распределува благодатта како што му е угодно... Зашто Тој е неизменлив, но според волјата на Бог Отецот – во името на Христа извршува различни дејствија. [...] Иако, Духот е еден и неразделен, сепак, дејствијата му се различни“. Свети Кирил Ерусалимски, *Огласително поучение*, 16, 12, 30 (PG 33, 960).

[4] „Харизматологијата не се доживува во рамките на некаков индивидуален религиозно-мистичен опит, туку има јасни светотаинско-еклисиолошки основи: во таинството на Крштението и Миропомазанието сите верни стануваат причасни на благодатта и добиваат помазание од Светиот Дух, тоа значи дека во Црквата нема безблагодатни членови на телото Христово“. Свилен Тутеков, „Богословието на харизмите в мисълата на св. Василий Велики“, Личност, общност, другост Студии по християнска антропология и етика, Велико Трново 2009, 136-137.

смета за индивидуална обврска на свештенството и успехот се поврзува исклучиво со неговите лични способности. Се разбира дека харизмата на учителската служба им припаѓа исклучиво на црковните пастири, првенствено на епископот и на свештениците. Но, проблемот настанува тогаш кога таа се доживува како индивидуален „посед“ на клириците. Благодатните дарови се разбираат јуридички, како добивање на извесни права, кои ги немаат лаиците. Благодатниот дар на поучување не се доживува како служба, заради целата заедница, туку како индивидуално право. Врз основа на оваа логика на јуридизмот и индивидулизмот се појавила схоластичката (латинска) поделба на Црквата, на „црква која поучува“ и „црква која е поучувана“. Овој омилитички „пад“ е непосредно поврзан со губењето на свеста за благодатната служба на лаиците, како членови на лаосот Божји. Тие не се безблагодатни (непосветени), па затоа не се ни пасивни, туку врз основа на своето царско свештенство се активни сослужители на клирот. Погрешната идентификација на лаикот како „неупатен“ е најсилното упориште на клерикалистичкиот индивидуализам. Разбирањето на проповедањето во индивидуалистички дух, сведочи за ослабената свест за суштинската врска помеѓу светотаинскиот чин на црковното проповедање и Црквата како собрание. Вистинското благовестење не постои без верата дека собранието како Црква е собрание на Светиот Дух, каде што само Тој ги отвора и усните на свештеникот за благовестење и умовите на слушателите за примање на благовестеното. Во чинот на светата тајна хиротонија пастирот го добива благодатниот дар на учителската служба, но не заради себе, туку заради целата заедница. И токму поради споделувањето на овој дар, заради изградувањето на единството на Црквата, може да се каже дека учителската служба ѝ припаѓа на Црквата и се извршува од Црквата. Во светотаинството на словото се открива содејствието (συνεργία) помеѓу клирот и лаосот во чувањето на Вистината, која според *Посланието на Источните патријарси* (1869 г.) „му е доверена на сиот црковен народ“[5]. Ова не е во

[5] Александар Шмеман, *Евхаристија*, прев. Младен М. Станковић, Манастир Хиландар 2002, 60-61.

Откровението е „предадено од Бога на Црквата, не на одделни човечки личности, како што и зборовите Божји, во Стариот завет („τὰ λόγια τοῦ θεοῦ“ – Рим. 3, 2) не им биле предадени на одделни личности, туку на народот Божји. Откровението е дадено, и е достапно, единствено во Црквата, односно преку животот во Црквата, преку живеење и вистинско припаѓање на мистичниот организам на телото Христово“. Georges Florovsky, „Revelation, Philosophy and Theology“, *Creation and*

контрадикторност со ставот дека учителската служба му припаѓа на клирот, односно во прв ред на епископот, кој треба правилно да раководи со словото на Божествената Вистина. Затоа што, епископот е во Црквата и Црквата во епископот. Тој поучува во име на својата Црква, како нејзина уста. Неговата служба е проповедта, а службата на народот Божји е примањето на проповедта.[6]

3. Во пастирската и омилитичка литература со право се истакнува важноста на подготовката на пастирот и неговата лична одговорност. Но, проповедничката служба е еклисиолошки чин на откривање, сведочење, поучување од страна на пастирот и рецепција од страна на народот. За да се разбере значењето на овие два аспекта од проповедањето како еклисиолошки чин, не треба да се губи од вид релационниот карактер на службите во Црквата. Меѓу црковниот амвон и наосот постои благодатна синергија и заедничарење, во даровите на Светиот Дух. Пастирите го имаат дарот на поучување, а народот Божји го има дарот на рецепција, односно прифаќање на словото. И сведочењето на пастирите и рецепцијата на лаосот се служби втемелени во даровите на Светиот Дух. Во едновременоста на овие две служби се изградува полнотата на проповедничката служба на Црквата. Таа им припаѓа исклучиво на пастирите, првенствено на епископот, како литургиски претстојател и видлива икона на Христа. Но, остварувањето на учителската служба не е индивидуалистички чин. Дури и од формално-логички аспект не може да има пастир без паство и учител без ученици. Во педагогијата особено е важна интеракција меѓу учителот и учениците. Во Црквата, пак, *интеракцијата* е заснована и на благодатната синергија и проникнувањето на даровите. Рецепцијата на словото Божјо, од страна на лаосот Божји, не подразбира  прифаќање на демократското начело, бидејќи во Црквата сѐ се утврдува и извршува според Божјата волја. Тоа значи дека не може да има мешање на даровите и своеволно присвојување служби, за кои некој не добил дар, што е спротивно на Божјата волја. Свети Григориј Богослов, толкувајќи ги зборовите на апостолот Павле (1 Кор. 12 гл.), говори: „Браќа, овој ред да го чуваме, овој ред да го почитуваме, еден нека биде уво, а друг јазик, еден – рака, а друг нешто друго, еден нека поучува, а друг нека се поучува. [ ...] Па, оној кој е поучуван нека се поучува во послушност, кој раздава нека

*Redemption, Volume three of the Collected Works of Georges Florovsky*, Massachusetts 1976, 36.

[6] Александар Шмеман, *Евхаристија*, 61.

раздава со радост, кој служи нека служи срдечно, да не бидеме сите јазик, што е најбрзо, ниту сите апостоли, ниту сите пророци, ниту сите да разјаснуваме. Зошто да се правиш пастир кога си овца? Зошто да се прикажуваш како глава кога си нога? Зошто се стремиш да бидеш војсководец, кога си поставен во редот на војниците?“[7]. Никој од органите не може да му каже на другиот „ти не си ми потребен“. Функцијата на еден орган е неостварлива без функцијата на другите органи и на самиот организам во целина (1 Кор. 12, 14-25). Словото Божјо се проповеда од страна црковните пастири како соработници Христови, но, тоа бива препознавано и прифатено од лаосот како слово Божјо[8]. Сведоштво за тоа прифаќање е запечатувањето на проповедта со триумфалното „Амин“ од страна на народот Божји, кој го посведочува своето единство со претстојателот во Светиот Дух. Затоа што, и проповедањето и прифаќањето на проповедта се случуваат според даровите на Светиот Дух. Тие се две страни на едно заедничко дело на Црквата во кое учествуваат сите нејзини членови, но секој според благодатните дарови. Христос, истовремено, е Оној Кој проповеда и Оној Кој е проповедан. Црквата, според благодатта Божја, учествува во Неговата учителската служба, која е неразделна од Неговата првосвештеничка служба. Како што приносот на Христа е принос на Црквата, така и словото Христово, според даровите на Светиот Дух, е слово на Црквата. Во овој контекст, особено е важен поимот μετοχή (учество, причесност, заедница), кој на онтолошко ниво, подразбира дека сите членови на Црквата станале (μέτοχοι τοῦ Χριστοῦ) „соучесници на Христа“ (Евр. 3,

---

[7] „Ταύτην αἰδώμεθα τὴν τάξιν, ἀδελφοὶ, ταύτην φυλάττωμεν. Ὁ μὲν ἔστω τις ἀκοὴ, ὁ δὲ γλῶττα, ὁ δὲ χεὶρ, ὁ δὲ ἄλλο τι τούτων. Ὁ μὲν διδασκέτω, ὁ δὲ μανθανέτω· [...] Καὶ ὁ μανθάνων, ἐν εὐπειθείᾳ· καὶ ὁ χορηγῶν, ἐν ἱλαρότητι· καὶ ὁ ὑπουργῶν, ἐν προθυμίᾳ. Μὴ πάντες ὦμεν γλῶσσα, τὸ ἑτοιμότατον· μὴ πάντες ἀπόστολοι, μὴ πάντες προφῆται, μὴ πάντες διερμηνεύωμεν. [...] Τί σεαυτὸν ποιεῖς ποιμένα, πρόβατον ὤν; Τί γίνῃ κεφαλὴ, ποὺς τυγχάνων; Τί στρατηγεῖν ἐπιχειρεῖς, τεταγμένος ἐν στρατιώταις;“ Gregorius Nazianzenus, Theol. *De moderatione in disputando* (orat. 32), PG 36, 188. Овој цитат од 32. слово на свети Григориј Богослов е внесен во 64. правило на Трулскиот (Петто-шести) собор, со кое се забранува самоволното усвојување на учителското достоинство од страна на лаиците. Никодим Милаш, *Правила (κανονες) Православне Цркве с тумачењима*, кн. 1, Нови Сад 1895, 548-549.

[8] „Во сите три главни области на дејствување во Црквата, Христос свештенослужи, управува и поучува со посредство на даровите на Светиот Дух, Кој Бог го излева врз служителите на Црквата.“ Николай Афанасьев, *Церковь Духа Святого*, Рига 1994, 82.

14)[9]. Но, според јерархиската структура на Црквата, на функционално ниво, црковните пастири учествуваат во учителската служба на Христа преку дарот на учителската служба, а лаиците преку дарот на прифаќање на словото.

4. На дијалошкиот карактер на црковната проповед укажува и еден од најстарите називи за проповедта – омилија, денес користен како технички термин за егзегетската беседа. Од ὁμῑλέω е изведена именката ὁμιλητής – приврзаник, пријател, собеседник, ученик, слушател; или ομῑλία – општење, собирање, дружење, духовно заедничарење, средба, собир[10]. Црковната проповед (омилијата) во почетокот имала дијалошка форма. Таа навистина била духовен разговор. Но и подоцна, откако се утврдила како монолошки говор, во себе го содржи „прикриениот“ светотаински дијалог на проповедникот со верниците. Всушност, овој дијалог е заедничарење во Христа како воплотено Слово.

За да се разбере дијалошкиот етос на црковната проповед треба да се има предвид нејзиниот онтолошки-благодатен карактер. Светотаинската природа на проповедничката служба ја открива самата суштина на проповедта, како заедничарење во Словото и како вовед во заедничарењето во светиот путир. Ние се причестуваме не само со телото и крвта Христови, туку и со Неговото слово. Воскреснатиот Богочовек на двајцата патници за Емаус прво им го објаснува Писмото и сѐ она што е кажано за Него во Писмото, а потоа ги причестува со Своите пречисто тело и чесна крв (Лука 24, 27). „Сам Исус се приближи и одеше со нив, но очите им се замрежија за да не Го познаат... А кога седеше со нив на трпеза, зеде леб, го благослови, го прекрши и им подаде; тогаш им се отворија очите и Го познаа; но Он стана невидлив за нив. И си рекоа еден на друг: Зар не гореа срцата наши, кога ни зборуваше по патот и кога ни го објаснуваше Писмото?“ (Лука 24, 16, 30-32). Во ова евангелско собитие се изразува образот на Литургијата и ни

[9] „Но има случаи, кога свештеникот не се разликува од подвластениот, на пример, кога треба да се причестиме со страшните тајни. Ние сите, подеднакво, се удостојуваме со нив. Не е како во Стариот завет, каде што едно вкусувал свештеникот, а друго народот, и каде што не му било дозволено на народот да се приопштува до она до кое се приопштувал свештеникот. Сега не е така, на сите им се предлага едното тело и едната чаша. И како што секој може да види, народот многу содејствува (на свештеникот, б.м) и во молитвите“. Свети Јован Златоуст, *Беседа XVIII*, на *II Послание до Коринтјаните*, (PG 61, 527 B).

[10] Погледни: Лука 24, 15; Дела 20, 11; 1 Кор. 15, 33.

се открива неразделната врска помеѓу „заедничарењето во Словото“ и „заедничарењето во Св. путир“. „Замрежувањето на очите“ – слушањето на Христа, го означува чинот на проповедта, која претходи на „отворањето на очите“ односно на познанието на Христа, во чинот на причестувањето, а „горењето на срцата“ е знак за вистинското усвојување на проповедта, со срцето како онтолошки центар на човековото битие. Сите три моменти ги претпоставуваат дијалогот и заедничарењето со Христа и ја формираат полнотата на дарувањето и усвојувањето на новиот Живот, односно на Самиот Христос, како Еден од Света Троица. Проповедта (вѣдати – да знае) претставува воведување во познанието на Бога и новиот живот даруван во Црквата. Познанието во црковната гносеологија се поистоветува со соединувањето и единството со Бога. Затоа, усвојувањето на проповедта се остварува во полнота по причестувањето со Христа. Тоа што се случило со патниците за Емаус се случува и во секоја Литургија, кога спознаваме дека Христос е „Патот, Вистината и Животот“ (Јован 14, 6).

## Заклучок

Правилното разбирање на пастирско-проповедничката служба во Црквата е условено од еклисиолошката харизматологија. Благодатните дарови на Светиот Дух, кои се пројавуваат во различните служби на Црквата се единосуштни и меѓусебно се проникнуваат, и надополнуваат. Затоа, во Црквата, како тело Христово, сите служби имаат дијалошки и синергиски карактер. Црковната проповед е дијалог меѓу црковните пастири и лаиците. Харизмата на учителската служба им припаѓа на црковните пастири, првенствено на епископот. Но, оваа харизма на поучување, својата полнота, ја остварува во прифаќањето на словото Божјо, од страна на лаосот Божји. Препознавањето и усвојувањето на проповедта, како слово Божјо, е служба, која им припаѓа на лаиците, како носители на општата харизма на царското свештенство.